Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 56 став 2 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата XXI седница одржана на 12.02.2010 година донесе

**ОДЛУКА**
**за условите за применување на прекинувачка аукција**

1. Прекинувачка аукција се применува при тргувањето со хартии од вредност кои се во режимот на континуирано или аукциско тргување доколку се создадат услови кои би предизвикале склучување на трансакција чија цена би се разликувала од референтната цена за повеќе од 3%.

2. Прекинувачка аукција се применува при тргувањето со хартии од вредност кои се во режимот на континуирано или аукциско тргување доколку се создадат услови кои би предизвикале склучување на вкрстена трансакција чија вредност е поголема или еднаква на 1.000.000,00 денари.

3. По исклучок на став 1 и став 2 од оваа Одлука, прекинувачка аукција не може да биде предизвикана во фазата на дополнително тргување во режимот на аукциско тргување.

4. По исклучок на став 1 и став 2 од оваа Одлука прекинувачка аукција не може да предизвикаат налозите со специјален услов за реализација на количината „сé или ништо”, односно доколку налог со специјален услов за реализација на количината „сé или ништо” создаде услови кои би предизвикале вкрстена трансакција чија вредност е поголема или еднаква на 1.000.000,00 денари, истиот ќе биде автоматски отстранет од БЕСТ системот.

5. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, членките и архивата на Берзата.

6. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува со денот на отпочнување на примената на Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје за кои е добиена согласност од Комисијата за хартии од вредност со Решение бр.УП1 08-5 од 07.12.2009 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**